# Hazards on your property after a bushfire

# Опасности на вашиот имот после шумски пожар

Macedonian

## Вовед

Шутот и пепелот од куќите, шупите и другите згради или градби што изгореле во шумски пожар може да кријат можни опасности по здравјето.

Во опасни материјали од домаќинството што може да бидат присутни после пожарот спаѓаат азбестот, пепелот од изгорено обработено дрво (на пример, бакарен хром арсенат или 'CCA'), лекови, градинарски или фармерски хемикалии, други хемикалии за општа употреба (на пример, средства за чистење, хлор за базени, итн.), метални и други остатоци од изгорени апарати за домаќинството, како и пепел и прав.

Пред да го посетите вашиот имот (за да си ги приберете личните работи или за да организирате расчистување), размислете за следните мерки на претпазливост за да го заштитите вашето здравје. Од безбедносни причини, пристапот треба да биде ограничен и дозволен само за возрасни лица.

## Пред да појдете на местото

- Може да постојат опасности од електричен удар, на пример, од искинати и паднати електрични кабли со "жива" струја. Не влегувајте на вашиот имот пред да ви кажат дека е безбедно да го сторите тоа (службениците од службите за итни случаи, од компаниите за снабдување на домаќинствата или од локалната општина).
- Зградите и другите градби може да се урнат ако влезете внатре или ако одите по нив. Затоа, пред да се обидете да ги приберете работите или да почнете било какво расчистување, побарајте совет од Building Section (Градежно одделение) при вашата општина за да се уверите дека е безбедно да влезете.
- Имајте на ум дека под шутот можеби има затрупан жар што тлее и други материјали што би можеле да бидат опасни. На пример, ако мислите дека зградите на вашиот имот можеби содржат азбестни цементни плочи, бидете особено внимателни кога ракувате со шутот од зградите.

## Заштитна облека

- Носете цврсти обувки и издржливи работни ракавици за да се заштитите од исеченици ако има скршено стакло или ако нагазите на остри предмети, и за да не се изгорите од жарот што тлее.
- Носете заштитен комбинезон (со долги ракави и ногавици). Ако е тоа соодветно, носете комбинезон за еднократна употреба и фрлете го заедно со отпадоците од местото откако ќе го искористите. Сета облека што нема да ја фрлите после употребата треба да ја исчистите/исперете пред повторно да ја користите (вклучувајќи ги и обувките).

## Што ако носам маска на лицето?

- Обичните хартиени маски за заштита од прав, џебните шамичиња и шамиите не ги задржуваат ситниот пепел и прав, ниту азбестните влакна што можеби се присутни. Според тоа, обично не се многу корисни за да ги заштитат вашите бели дробови.
- Треба да се носат специјални маски (што се викаат "P1" или "P2") за да ги задржат ситните честички, вклучувајќи ги и азбестните влакна. Тие може да се набават во повеќето продавници алат и опрема. Маските "P2" прочистуваат малку поголем дел ситни честички од маските "P1".
- Маската може да ви го отежне нормалното дишење. Ако имате претходно срцево или белодробно заболување, треба да побарате совет од вашиот лекар пред да користите маска.
- Исто така е важно да запомните дека овие видови маски се многу помалку ефикасни ако лошо налегнуваат околу лицето и устата. На мажите што носат брада може да им биде тешко добро да ја налегнат маската на лицето.

## Како да постапувате со отпадоците

- Градежниот шут не треба да го закопувате на имотот, ниту пак во блиските трапови, бидејќи опасните материјали од шутот може да го загадат околното земјиште, наштетувајќи им на животната средина и на заедницата.
- Немојте да го расфрлате пепелот по вашиот имот, особено ако во вашиот дом или во другите градби биле користени азбестни материјали, или ако изгорело дрво обработено со CCA.
- Погрижете се да ставите заштитна облека/опрема пред да почнете да работите со било каков шут, пепел или други отпадоци.
- Навлажнете го пепелот со вода за да го сведете правот на најмала можна мера. Немојте да користите распрснувачи за вода под висок притисок за таа цел, зашто тоа може да го развее пепелот/правот.

A Victorian Government initiative

State Government Victoria

Department of Human Services

## Опасности од азбест - расчистување и фрлање

- Зградите изградени пред 1988 г. може да содржат плочи од азбестен цемент (или "AC") во ѕидовите, покривот, подните облоги, стреите, во некои одводи или во основата на некои видови винилски подни плочки. Тие материјали за обложување обично се опасни за здравјето само ако се исечени, скршени или закопани, зашто притоа може да испуштат азбестни влакна.
- При шумски пожар, количеството азбестни влакна што ќе се ослободат во воздухот најверојатно ќе биде мало.
- После шумски пожар, влакната може да стигнат во воздухот кога купиштата азбест ќе бидат разбуричкани при ископувањето и расчистувањето. Ако постои веројатност дека на вашиот имот има азбест, треба да повикате овластен отстранувач на азбест за да расчисти. Шутот мора да се превезува со возило одобрено од EPA (Агенција за заштита на животната средина) и да се однесе и фрли во отпад одобрен од EPA.
- Ако сте присутни при расчистувањето, носете маска за лице "P2".
- Ако материјалот што содржи азбест не изгорел, и ако се состои само од неколку плочи азбестен цемент, завиткајте го цврсто во два слоја цврст најлон (или во две најлонски вреќи ако се работи за мали парчиња) и однесете го во отпад одобрен од Општината или од Викторискатa EPA.

## Пепел од изгорено дрво обработено со CCA - расчистување и фрлање

- “CCA” е кратенка за "copper chrome arsenate" (бакарен хром арсенат), средство за заштита на дрвото од инсекти. Дрвото обработено со CCA обично се користи за изградба на сеници, веранди, куќички за играње, надворешно облагање на ѕидови, порти, огради и уредување на зелени површини. После пожар, преостанатиот пепел/јаглен содржи до 10% (во тежина) арсен, бакар и хром.
- Кај малите деца е поголема веројатноста да ставаат разни работи во уста. Ако изедат дури и само неколку грама, тоа може да им наштети. Животните исто така може да ги лижат или јадат солените остатоци од пепел и да се отрујат. Затоа децата, животните миленици и другите животни треба да ги држите подалеку од подрачјата со пепел додека да заврши расчистувањето.
- Пепелот може да го ставите во дупли вреќи, да го врзете и да го однесете директно во вашиот локален отпад. Оштетеното дрво исто така може да се фрли во отпад. Јавете се во вашата локална општина за совет во врска со локалните прописи, или во EPA за натамошни совети во врска со влијанието што врз животната средина го има дрвото обработено со CCA.

## Натамошни информации

За здравствени совети во врска со изложувањето на чад од шумски пожар или во врска со допирот со материјали останати после шумски пожар, јавете се кај вашиот лекар.

За општи здравствени информации во врска со азбестот, CCA или други хемикалии, јавете се во Environmental Health Unit (Одделение за здрава животна средина) при Department of Human Services - DHS (Оддел за општествени служби) на 1300 761 874.

За информации во врска со превозот и фрлањето на опасни материјали (на пример, азбест), јавете се во Викторискатa EPA (Агенција за заштита на животната средина) на (03) 9695 2722 или на 1800 444 004 (бесплатен повик).

За информации за безбедно ракување со градежен шут или пепел во склоп на вашето работно место, јавете се во WorkSafe Victoria на (03) 9641 1555 или на 1800 136 089 (бесплатен повик).

Други информативни листови во врска со шумските пожари и јавното здравје се: Чадот од шумски пожар и вашето здравје и Совети за луѓе што имаат резервоари за вода и што живеат во подрачја зафатени од шумски пожар. И двата информативни листа може да ги симнете од www.health.vic.gov.au/environment/emergency_mgmnt/index.htm#bushfires или да ги добиете ако се јавите во Environmental Health Unit (Одделение за здрава животна средина) при Department of Human Services (Оддел за општествени служби) на 1300 761 874.

Издава Department of Human Services (Оддел за општествени служби),
Environmental Health Unit (Одделение за здрава животна средина)

Датум на издавање: Октомври 2006 г.

State Government Victoria Department of Human Services